ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:29-161/9

Дата: 27.12.2012

**ДО**
**ОПШТИНА КРАТОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Кратово за 2011 година.

Во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2001 година, во кој, за оваа сметка на Општината е изразено негативно мислење и не се дадени препораки за надминување на утврдените состојби.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на Општина Кратово за 2011 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Во Општина Кратово приходите на буџетот за 2011 година бележат остварување од 65% во однос на планираните, што се должи на неостварени приходи од капитални трансфери од други нивоа на власт и капитални приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања.

Во општината не е воспоставен систем на интерни контроли, ниту постојат пишани процедури, што има влијание во утврдувањето, евиденцијата, наплатата и контролата на приходите. Ваквата состојба е резултат на малиот број на вработени во општинската администрација, како и слабата финансиска моќ на Општината. При тоа, треба да се има предвид дека само една третина од вкупните приходи се сопствени приходи на Општина Кратово, а блиску две третини се трансферирани средства од Буџетот на Република Македонија и фондовите.

Констатирани се неправилности кај утврдувањето и наплатата на приходите по основ на данок на имот, од аспект на нецелосна и неажурна евиденција. Општината нема преземено мерки за наплата на даночниот долг.

Општина Кратово, во 2009 година има склучено договор за концесија за стопанисување со водоводната и канализационата мрежа во град Кратово со приватно правно лице со важност од 30 години.
Концесискиот надоместок е утврден на 2% од наплатената вода за градот Кратово.
Општината не врши контрола на количината на испорачаната вода и на висината на концесискиот надоместок бидејќи таква одредба не е содржана во договорот, ниту има влијание врз редовната уплата на надоместокот.
Во сметките што концесионерот ги доставува до граѓаните и правните лица се фактурира и за отстранување на смет. Договорот за оваа услуга, според добиените објаснувања од Општината е со изминат рок.
Давањето на стопанисувањето со водоводната мрежа на приватно правно лице не е во согласност со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води каде, како "давател на услуга" е дефинирано јавно претпријатие основано од општината или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста пропишани со закон и во кое доминантен капитал има општината.
Меѓутоа, истовремено, во Законот за водите е уредено дека општините можат за снабдувањето со вода за пиење и одржувањето на системите за водоснабдување да основаат јавно претпријатие, како и дека овие работи можат да ги вршат и правни лица на начин и во постапка утврдена со закон.

На констатациите во Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (637) добиени се забелешки кои не се прифатени.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Кратово за 2011 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Кратово за 2001 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Кратово под 31 декември 2001 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум и за усогласеност со закони и прописи во извештајот е негативно.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Мите Андоновски, градоначалник на Општина Кратово во 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Кратово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како потврда на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.08.2012 до 31.08.2012, кај Општина Кратово од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките**

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Кратово за 2001 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2001 година е изразено негативно мислење. Препораки, во однос на утврдените неправилности, не се дадени.
Надминувањето на неправилностите не е можно да се следи поради значителни промени во законската регулатива.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот – предмет на ревизија, на 26.09.2012 година.

На ден 27.11.2012 година, примени се забелешки на констатациите на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 09-87/3 од 20.11.2012 година од законскиот застапник на субјектот. Забелешките се однесуваат на констатациите од точките 4.2.2., алинеја 4 и 6. Забелешките се разгледани и е оценето дека забелешките на точката 4.2.2. алинеја 6 не се прифаќаат од причина што не се доставени нови релевантни докази кои би имале влијание на промена на ревизорското мислење, а забелешките на констатациите од точка 4.2.2. алинеја 4 се прифаќаат делумно во правец на дополнување на констатацијата и дообјаснување.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

**Процес на утврдување и наплата на приходите**

Општина Кратово, нема воспоставено систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината. Не се донесени пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени контролни постапки, надлежности и одговорности на вработените во даночното одделение и во другите служби на општинската администрација. Ваквата состојба не е во согласност со член 5, 6 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и придонесува за постоење на ризици во процесот на утврдувањето, евиденцијата и контролата на побарувањата, како и наплатата на приходите.
Невоспоставените контроли во Општината се должат на малиот број вработени, односно во Општина Кратово за администрирање со даноците има вработено само едно лице.

**Препорака:**
Градоначалникот да донесе пишани процедури со јасно утврдени надлежности и одговорности на вработените во процесот на утврдување и наплата на приходите за кои е надлежна Општината и во другите служби чие работење е поврзано со утврдувањето, евиденцијата и наплатата на приходите.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи и акти**

4.2.1. Општина Кратово со Буџетот за 2011 година има планирано приходи и расходи во износ од 43.349 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 28.171 илјади денари и расходи во износ од 27.589 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 65%, а расходите со 64%.
Со ребалансот на буџетот во септември 2011 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните, што носи ризик од нарушување на принципот на добро менаџерско управување. Општината има законската обврска за измени и дополнувања на буџетот во случај на неостварување на приходите и расходите во планираниот обем согласно член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Не е извршен трансфер од Буџетот на РМ на данокот на додадена вредност за месец декември во износ од 1.001 илјади денари што влијае на вкупното

остварување на Буџетот, меѓутоа, најзначително е отстапувањето помеѓу планираните и остварените капитални трансфери од други нивоа на власт (12%) и капиталните приходи (46%).
Сопствените приходи на Општината се остварени со 92%.
Ваквата неусогласеност се должи на нереално очекуваниот прилив на капитални трансфери во чие остварување општината нема влијание.

**Препорака:**
При изготвување на ребаланс на буџетот да се почитуваат реалните можности за остварување на одделните видови на приходи кај истиот.

4.2.2. При ревизија на приходите кај утврдувањето и наплатата на данокот на имот, данокот на промет на недвижности, наследство и подарок, се утврдени следните состојби:

- податоците за даночните обврзници добиени од Управата за јавни приходи (регистар на недвижен имот) не се целосно ажурирани. За дел од даночните обврзници не е утврдена пазарната вредност на имотот согласно Методологијата, што не е во согласност со член 5 од Законот за даноците на имот. Со ова даночните обврзници на подрачјето на Општината се ставени во нерамноправна положба;
- дел од даночните пријави за правните лица не содржат податоци за имотот кој се пријавува и не се врши контрола на податоците внесени во даночната пријава;
- нема контрола на точноста на рачно извршените пресметки на пазарната вредност на недвижниот имот согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Во поголем број на предмети кај правните лица дел од елементите за проценка не се пополнети;
- не се изготвуваат записници од комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот од извршениот увид на лице место или изготвените записници не се целосни за данокот на имот на правни лица;
- не е исполнета законската обврска утврдена во член 45 од Законот за финансирање на ЕЛС согласно кој општините се обврзани во рамките на општинската администрација да имаат најмалку тројца вработени, кои се квалификувани да работат на утврдување и наплата на даноци. Во Општина Кратово има само еден вработен кој администрира со даноците, што се објаснува со ограничената финансиска моќ на Општината;
- не се преземаат мерки за наплата на даночниот долг во согласност со Законот за даноците на имот. На крајот на 2011 година, 60% од вкупните побарувања на Општина Кратово се по основ на даноци на имот, 36% по

основ на комунална такса за фирма и 4% за пресметан надоместок за уредување на градежно земјиште.

Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот и непреземањето мерки за наплата придонесуваат за помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на општината.

**Препорака:**
Одделението за финансиски прашања:
- да изврши целосно ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот;
- комплетноста и точноста на податоците внесени во даночните пријави да се потврдува од страна на службено лице овластено за контрола;
- комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот да изготвува целосни и потпишани записници од сите членови за утврдената фактичка состојба на недвижниот имот;
- да презема мерки за наплата на заостанатиот даночен долг по основ на даноци на имот.

4.2.3. Општина Кратово, остварува приходи од концесиски надоместок по основ на склучен договор помеѓу општината и приватно правно лице за концесија за стопанисување со водоводната и канализационата мрежа во град Кратово. Постапката и изборот на концесионер се спроведени согласно одредбите од Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство. Согласно одредбите од договорот склучен во јуни 2009 година рокот на важење на концесијата е 30 години, а концесискиот надоместок е утврден на 2% од наплатената вода за градот Кратово. Договорот не содржи одредби со кои на општината и се гарантира правото на надзор и контрола над наплатата на испорачаната количина вода, ниту пак било каков увид во стопанисувањето со водоводната и канализационата мрежа од аспект на нејзиното одржување. Општината не врши контрола на количината на испорачаната вода и на висината на концесискиот надоместок.
Концесионерот, за 2011 година има уплата на концесиски надоместок заклучно со месец август, додека за останатите месеци не се наплатени приходи по овој основ во општината. Просечно месечно концесионерот уплаќа по 21 илјади денари како концесиски надомест. Во 2011 година по овој основ вкупно се наплатени 192 илјади денари.
Ваквата уреденост на договорните односи има за ефект намалено учество и влијание на општината врз стопанисувањето со водоводната и канализационата

инфраструктура во општината и висината на остварените приходи по овој основ.
Во сметките што концесионерот ги доставува до граѓаните и правните лица се фактурира и за отстранување на смет. Договорот за концесија за оваа услуга, на ревизијата не и беше презентиран, според добиените објаснувања од Општината истиот е со изминат рок на важност.

**Препорака:**

- Општината и концесионерот да извршат дополнување на одредбите од постојниот договор во насока на обезбедување на контрола од страна на Општината за количината на испорачаната вода и редовно плаќање на концесионерскиот надоместок.
- Да се регулира извршувањето на услугата за изнесување на смет.

4.2.4. Согласно Законот за јавна чистота, за одржување на јавната чистота се плаќа надоместок, а висината на надоместокот ја утврдува Советот на општината со посебна одлука. Советот на Општина Кратово нема донесено Одлука за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавна чистота. Ефектот од ваквото постапување се неостварени приходи потребни за реализација на Програмата за јавна чистота.

**Препорака:**

Советот на општината со посебна одлука, во зависност од изграденоста, уреденоста на јавната површина, како и потребата - обемот на одржување на јавни површини, да ја определи висината на надоместокот за одржување на јавна чистота.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точката 4.2.2, а кое се однесува на некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот и 4.2.3. кое се однесува на концесискиот надоместок, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финансиските извештаи.

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2.2. и 4.2.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на

Општина Кратово на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Кратово, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6.Системски слабости**

6.1. Во Законот за комуналните такси е пропишано наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила, да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кратово е утврдена висината на износот кој се наплаќа при регистрација во зависност од кубикажата на возилото.
Меѓутоа, во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, не е пропишана обврска да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно. Општините немаат податоци за бројот и видот на возилата по кубикажа. Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварени приходи по овој основ, кои Општината ги евидентира во сметководството единствено како прилив без конкретни податоци за истиот.
Со цел да се обезбеди комплетност, точност, навременост и транспарентност во наплатата на сопствените приходи, ревизијата препорачува да се предвидат законски одредби кои ќе овозможат следење и контрола на навременото, комплетното и точното плаќање на комуналната такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила според категоризација на возилото и точно утврдување на пропишаната обврска за плаќање.

6.2. По основ на комунална такса за улично осветлување, Општина Кратово како и останатите општини во Република Македонија од страна на ЕВН Македонија АД Скопје не добиваат податоци за:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно,
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата, и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса.

И покрај склучениот Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, од страна на ЕВН не се почитуваат договорените обврски од член 6 од Меморандумот за доставување на горенаведените податоци и извештаи. Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварени приходи по овој основ, кои општините ги евидентираат во сметководството единствено како прилив без конкретни податоци за истиот.
Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи, ревизијата препорачува одредбите од член 6 од Меморандумот за соработка помеѓу ЕВН и ЗЕЛС како асоцијација на општините да се вградат во законското решение и да претставуваат обврска за ЕВН, особено ако се има предвид дека општините согласно членот 15 од Законот за комуналните такси се обврзани да изготват акт со кој ќе се одреди начинот на користење на средствата од комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување на подрачјето на општината.

6.3. Давањето на стопанисувањето со водоводната мрежа на приватно правно лице не е во согласност со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води каде во членот 3, како "давател на услуга" е дефинирано јавно претпријатие основано од општината или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста пропишани со закон и во кое доминантен капитал има општината.
Меѓутоа, истовремено, во Законот за водите е уредено дека за обезбедување на пропишаниот квалитет на водата за пиење општините можат да основаат јавно претпријатие за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење, како и дека овие работи можат да ги вршат и правни лица на начин и во постапка утврдена со закон. Колизијата помеѓу овие два прописа создава одредени дилеми при нивното спроведување. За надминување на состојбите, а имајќи ја предвид оваа неусогласеност, предлагаме законодавецот да изврши промена во насока на надминување на различното дефинирање на една состојба со двата закона.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност

7.1. Ревизијата смета за потребно да обелодени дека, согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа помеѓу приходите за финансирање на единиците на локална самоуправа е и приходот од данокот на додадена вредност од Буџетот на Република Македонија. Приходите од данокот на додадена вредност се дотации за финансирање на надлежностите на општините. Во 2011 година приходите од данокот на додадена вредност се обезбедуваат во висина од 3,7% од вкупно наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година. Трансферот на приходите од данокот на додадена вредност до буџетите на општините се врши во најмалку 12 рати кои се трансферираат најдоцна до последниот работен ден во месецот освен последната рата која се трансферира најдоцна до 15 декември во тековната буџетска година. Последната рата во износ од 1.001 илјади денари не е трансферирана до буџетот на општина Кратово до крајот на фискалната година. На овој начин општина Кратово има добиено помалку приходи по основ на данок на додадена вредност, што има влијание на активностите на општината. Приходите по основ на данок на додадена вредност се утврдени во помал износ и поради погрешно утврдената даночна основа на која се применува стапката од која се издвојува дел за општините. Истото е утврдено во ревизорскиот извештај за извршената ревизија на Основниот буџет на Република Македонија во точката 4.6. .
Ваквата состојба придонесува за намалување на планираните приходи како и ограничување во извршувањето на активностите и надлежностите на општината.

7.2. Општина Кратово е тужена страна во еден судски спор за долг од 1.197 илјади денари. Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 21.12.2012 година



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________________
2. ____________________________ ______________________

ОПШТИНА КРАТОВО

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 9.524 | 9.626 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1.202 | 1.113 |
| Капитални приходи | 3.3. | 1.059 | 2.516 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 16.385 | 57.929 |
| **Вкупно приходи** | | **28.170** | **71.184** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 9.487 | 10.008 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 382 | 149 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 9.542 | 8.713 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 2.790 | 2.602 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **22.201** | **21.472** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 5.387 | 48.900 |
| **Вкупно расходи** | | **27.588** | **70.372** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **582** | **812** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

ОПШТИНА КРАТОВО

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 582 | 812 |
| Побарувања | 4.1.2. | 4.368 | 2.422 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.950** | **3.234** |
| **Вкупна актива** | | **4.950** | **3.234** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 4.950 | 3.234 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **4.950** | **3.234** |
| **Вкупна пасива** | | **4.950** | **3.234** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________

*2.* ____________________ ____________________

**ОПШТИНА КРАТОВО**
**Плоштад „Маршал Тито„ бб ,1360 Кратово**
**контакт тел.031/481-202**
**www.opstinakratovo.gov.mk/opstina_kratovo@yahoo.com**


**Бр.09 - 87 / 3**
**20.11.2012 год.**
**Кратово**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 27. 11. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 29 | 161/8 | | |

**ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.Македонија 12/3**

**ВРСКА: 29-161/7 од 06.11.2012**

**ПРЕДМЕТ: Забелешки на Нацрт-извештај**

Почитувани, Општина Кратово во оставениот и благовремен рок изнесува одредени забелешки на нацрт извештајот за кои смета дека се на место од причина што околностите во кои настанале ситуациите биле исклучителни и врзани со кратки рокови, вонредни услови, огромни трошоци или други оправдани околности. Имено Општина Кратово конкретно дава:

- **Забелешки во однос на нацрт извештај на овластен државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогасеност за 2011 на Општина Кратово сметка на основен буџет (630)** 01 2012 07 31/2

**Усогласеност со закони и прописи и акти** 4.2.2. При ревизија на приходите кај утврдувањето и наплатата на данокот на имот, данокот на промет на недвижности, наследство и подарок покрај другите состојби во точка 4 констатитано е дека не се изготвуваат записници од комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот, а подолу исто така наведено е дека не се превземаат мерки за наплата на даночниот долг.

Упатуваме забелешки на овие наводи бидејќи наведените констатирани состојби се дадена паушално и не ни е познато зошто е претставена погрешна состојба кога ситуацијата е спротивна и напротив Комисијата секогаш изготвува и има изготвено записнисници од извршен увид на лице место со утврдена пазарна вредност на недвижниот имот, а исто така даночнот одделение постојано доставува опомени на физички и правни лица а честа појава е и блокирањето на сметките на правните лица поради неподмирување на даночна обврска.

❖ **Забелешки во однос на нацрт извештај на овластен државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогасеност за 2011 на Општина Кратово сметка на основен буџет (637)** 01 2012 07 31/2

**Интерни контроли** 4.1.1 Процес на плаќање. Дел од констатцијата за недоволна екипираност на општинската администрација во сверата на финанасиското работење, концентрацијата на повеќе наделжности кај еден вработен, без доволно контрола на сите активности од Раководителот на одделението за финансиски прашања, можеби е на место за општини со големи буџети.

Меѓутоа за општина како Кратово со сиромашен буџет недостатокот на кадар и немањето средсва за вработување е фактичка и реална ситуација а кога ке се има предвид и фактот што Раководителот на субјектот до 6-ти месец 2011 година бил на породилно боледување не ја гледаме оваа констатација како опрвадана бидејќи имајќи ги во предвид погоре наведените околности Општината немала подобра варијанта.

**Усогласеност со закони и прописи**
4.2.4 Исплатени се средства во износ од 233 илјади денари како надоместок за годишен одмор.

Исплатата на овој надоместок е регулирана со Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово и како сите други општини и општина Кратово исплатата на овој надоместок ја изврши согласно член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија кој закон ( покрај наведените Законот за државните службеници, Законот за работните односи) исто така важи и за општините како правни лица и како работодавачи.
4.2.6. Пописот на средствата не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Извршен е физички попис на лице место и се впишани и опфатени сите основни средства, средства за работа, опрема и секаков инвентар И истите се евидентирани. Во меѓувреме лице од општината е испаратено на обука за попис на средствата и обврските кај буџетските корисници а се со цел правилна спроведување на пописот и усогласување на сметководствената и фактичката состојба.

**Финансиски извештаи** 4.3.1 Не е извршена идентификација, процена и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од владата на РМ.

Должни сме да образожиме дека е започната постапката околу довршување на работата во однос на проценаата и евидентирање на имотот кој не е запишан како сопственост на Општината и за кој нема имотни листови, меѓутоа поради сложеноста на постапката и потребата за изработка на геодетски елаборати и друга пропратна документација која финансиски чини многу, општината не е во можност тоа да го направи одеднаш, туку етапно согласно расположливите средства.

**Јавни набавки** 4.4.2 Не се спроведени постапки за јавни набавки во износ од 1.832.000,оо денари

- Набавка на градежни материјали за одржување на комунални објекти набавени од АКВА ДООЕЛ Кратово во вредност од 453.000,оо денари

Забелешката се однесува на тоа дека АКВА ДООЕЛ е единственото стовариште на градежни материјали во градот и наједноставно и брзо ги доставува материјалите кои се потребни пред се за изградба и санација на

улиците во градот, Оваа година (2012) е спроведен тендер на кој АКВА понуди најниски цени и со нив е потпишан договор.

- Набавка на зимска сол за одржување на патиштата

Поради екстремните зимски услови, блокираните патишта и отсеченоста на определени населени места неопходна беше брза набавката на сол за патиштата, а КИ-ЕМ беше единствената фирма која се согласи во најкраток можен рок да испорача сол а се со цел да може градот нормално да функционира во суровите зимски услови.

- Изградба на потпорен ѕид за тениско игралиште во вредност од 353.000,оо денари.

За реализација на не така честите проекти, услов од страна на Агенцијата за млади и спорт беше од страна на општината да се израмни теренот и изгради потпорен ѕид. Бидејќи роковите беа кратки, во општината нема соодветни субјекти за вршење на таква дејност а во истиот момент фирмата АГП Свети Николе ги извршуваше градежните работи на изградба на речното корито поради што беше искористено нивното присуство за да се израмни теренот и изгради потпорниот ѕид.

- Пробивање и чистење на пат – Стела Антика Кочани

Ридско планинскиот карактер на општина Кратово и големите снежни наноси особено во планинскиот дел, блокираните патишта беа причината поради што фирмата која беше ангажирана за зимско одржување на патиштата да не биде во можност да го чисти и пробива патот во планинскиот дел, поради отсеченоста на населението во планинскиот дел неопходно беше да се ангажира фирмата која случајно на лице место на палнинскиот терен имаше присутен Багер-гусеничар кој беше единствената опција.

- Крпење на ударни дупки и асвалтирање на пристапен пат – АД Гранит

Тука сме должни да укажеме дека не се работи за крпење на дупки туку изградба на локален пат до маало Стојкарци за кое нешто самото месно население даде половина од парите а другата половина општината. Градежното претпријатие Гранит беше присутно на тој терен со соодветна механизација и изведуваше градежни работи т.е. асвалтирање на патот с.Шопско Рударе поради што беше искористено присуството на машинеријата на Гранит за да се заврши наведената работа а се тампонираше и крак од локалниот пат до Основното училиште во селото Вакав за кое нешто имаше бројни барања и ургенциии на самото месно население.

- Изработка на елаборат за животна средина за регулација на речно корито: Блупринт Плус Дооел Скопје

За да се поднесе и достави проект во Министерството за транспорт и врски неопходно беше да биде изработен и елаборат за животна средина која работа оваа фирма се согласи да ја изврши во најкраток можен рок.

- Наведено е дека во отворена постапка за асфалтирање на улици нема тендерска документација и Извештај од комисијата за спроведена постапка

Забелешката ја упатуваме во насока на тоа дека е изработена поедноставена спецификација со детално наведени улици кои треба да се работат и нивната должина, а од Комисијата е изработена табела со евалуирани понуди по сите елементи од кои јасно се гледа која понуда е најповолна.

Почитувани, според изнесените забелешки на нацрт извештајот на органот на Општината сметаме дека расположливите финансиски средства на органот се користени рационални, наменски и во согласност со законот. Може да се најдат ситни технички пропусти и да стане збор за технички забелешки но не и за фактички. Во услови на неостварување на изворни приходи на локланата власт и обврската да се обезбеди извршување на функцијата на локалната власт во општината со минималниот буџет, општината и немала подобра варијанта и не можела да направи ништо повеќе од стореното. Се надеваме дека ке ги смените првично изразеното негативно мислење и констираните неправилности кога ке ги земете во предвид погоре наведените комплицирани - незавидни ситуации во кои се наоѓа општината и недостатокот на средства.

Сметаме дека нашите забелешки се оправдани заради кое предлагаме извештајот да биде корегиран и променет.

Со почит

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски

**Прилог број 2**

**ОДГОВОР**
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 27.11.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2011 година на сметката на основен буџет (630) на Општина Кратово, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-161/8 .
Забелешките се доставени од законскиот застапник на субјектот предмет на ревизија .
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и е констатирано следното:

- Забелешката на **точката 4.2.2. алинеја 4,** која се однесува на констатацијата дека не се изготвуваат записници од комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот од извршениот увид на лице место или изготвените записници не се целосни, **се прифаќа делумно**, во правец на дополнување дека се однесува за данокот на имот кај правни лица.

- Забелешката на **точката 4.2.2. алинеја 6**, која се однесува на непреземање на мерки за наплата на даночниот долг, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени нови релевантни докази за промена на ревизорското мислење.

*Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор*
1.____________________ | ______________________
2.____________________
3.____________________